| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК | | | | | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | | | | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Говорење со разбирање | Усно раскажува настани од сопствено искуство според редоследот на случување | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Учениците добиваат насоки да искажат збор кој ги асоцира на летниот распуст и го запишуваат на таблата: **езеро, море, село, планина, плажа, сонце, лежалки, педалинка, брод, базен, тобоган, излет, гости, книги, игралиште** и сл.<br>Одговараат на прашање:<br>• Кое е вашето најубаво летно доживување за време на распустот?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците по даден план раскажуваат како го поминале летниот распуст. Се искажуваат по прашални реченици со цел редоследно да се искажуваат за настаните.<br>*Говорна вежба- Раскажување на настан од сопствено искуство - „Приказна за летниот распуст“<br>• Каде бевте на летување?(место)<br>• Кога отидовте таму? (време)<br>• Со кого бевте на летување? (ликови)<br>• Кои места ги посетивте?<br>• Што ви се допадна најмногу?<br>*Учениците преку одговор на прашањата накратко раскажуваат за сопственото доживување. Треба внимателно да го слушаат соученикот додека раскажува бидејќи следува активност – Што запомнив за...? | табла/ креди во боја<br><br>бела табла/ маркери | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Усно раскажува сопствено доживување според редоследот на случување<br><br>Внимателно слуша говор на соученик |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршни активности – изведување заклучок**<br><br>*Наставникот поставува прашања, а учениците треба да погодат за кој ученик се однесува прашањето.<br>**Пр.** Кој ученик беше на плажа во Пештани? Кое дете се израдува на неговите роднини од Австралија? Кој патуваше со авион за...?<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Видови литературни текстови<br><br>-расказ<br>- бајка<br>- басна<br>-драмски текст<br>-песна | Прави разлика меѓу драмски, поетски и наративен текст и ја објаснува разликата преку примери<br><br>Ги објаснува (преку пример) карактеристиките на песна (стих, строфа, рима) | 2 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Разговор со учениците како се чувствуваат кога го слушаат првото училишно ѕвонче во септември.<br>• Дали чувствувате радост што се вративте во училишните клупи?<br>• Што најмногу ве израдува кога влеговте во училницата?<br>• На која клупа сакате да седните? Зошто? ...<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците внимателно слушаат изразно читање на песната„ Ѕвони“ од поетот Душко Аврамов. Откривање и појаснување на непознати зборови.<br>*Одговараат на прашања поврзани со поетските слики:<br>• Од колку поетски слики(строфи) е составена песната?<br>• Со кој збор започнува секоја строфа?<br>• Како се чувствува секое дете во првото септемвриско утро?<br>• Со што се споредува звукот на училишнот ѕвон?<br>• Како се наредени децата пред училишните врати?<br>*Учениците добиваат работен лист со песната. Изразно се чита песната по строфи од учениците(тријади). Ја одредуваат нејзината структура преку насочувачки прашања на работен лист: | работнен лист со текст од песната „Ѕвони“<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Воочува карактеристики на поетска творба<br><br>Определува строфа и стих во песна<br><br>Одговори во работен лист |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Колку строфи има во песната? Пред секоја строфа во празното поле запишуваат правилно:<br>1.строфа 2.строфа 3.строфа<br>Учениците ги дополнуваат барањата во работниот лист.<br>1. Песната е составена од _____ строфи.<br>2. Секој ред од строфата се вика ________.<br>3. Секоја строфа е составена од по ___ стиха.<br>4. Целата песна е напишана во _____стиха.<br>*Учениците изведуваат заклучоци за строфа ( повеќе стихови формираат строфа) и стих (редовите во песната се стихови).<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Учениците во тетратка ја препишуваат строфата која најмногу им се допаднала.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

## Ѕвони

Ѕвони...
Во ова прво септемвриско утро
повесел е чинам целиот свет
и секое дете кон школо ита
како да е птица во радосен лет!
Ѕвони...

Како сина далга во широко море
се разлева ѕвонот очекуван, драг.
Пред школските врати отворени ширум
во редици деца застанале пак!

Ѕвони...
Дали има нешто поубаво денес
од тој ѕвонлив, милозвуен глас,
што в градови, села децата ги собра
в училници светли на првиот час!

Душко Аврамов

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | |

| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Видови литературни текстови<br><br>-расказ<br>- бајка<br>- басна<br>-драмски текст<br>-песна | Ги објаснува (преку пример) карактеристиките на песна (стих, строфа, рима) | 3 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Наставникот на презентација ја покажува песната „ Ѕвони“. Учениците ја читаат и воочуваат дека песната е составена од три строфи, но се запишани со измешан редослед. Се искажуваат како правилно да се подредат строфите во песната.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците следат изразно читање/рецитирање на песната од наставникот. Се запознаваат со критериумите (индикатори) на кои ќе треба да внимаваат при рецитирање на песната:<br>✓ правилен став на телото;<br>✓ искажување на зборови во стихови со правилен зборовред;<br>✓ гласно и јасно изговарање на зборовите;<br>✓ внесување на емоционалност при рецитирање (изразно рецитирање)<br>*Индивидуални изведби од учениците. Додека ученикот рецитира, другите ученици забележуваат знаци поврзани со индикаторите во чек листа +, +-, -<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Анализа на изведбите од страна на учениците. Избор на најдобри рецитатори и ставање на стикер во тетратката кај сите ученици кои ја имаа научено целосно песната.<br>**Рефлексија** | бела табла<br><br>видеобим<br><br>компјутер<br><br>чек листа за следење на индикаторите при рецитирање<br><br>самолепливи стикери | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Воочува карактеристики на поетска творба<br><br>Определува строфа, стих рима во песна<br><br>Изразно рецитира песна<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | (Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Име на ученик | Совладаност на песната | | | | Индикатори за следење на рецитирање на песна | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3 строфи ( +) | 2 строфи ( + - ) | 1 строфа ( - + ) | Не е научена песната | правилен став на телото | искажување на зборови во стихови со правилен зборoред | гласно и јасно изговарање на зборови | внесување емоционалност при рецитирање- изразно рецитирање |
| | | | | | - | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | | | | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Слушање со разбирање | Идентификува непознати зборови во слушнат текст и го опишува нивното значење со свои зборови | 4 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*На таблата се испишува зборот ТАТКОВИНА. Со„ бура на идеи“ учениците искажуваат зборови кои сметаат дека се однесуваат на неговото значење ( Македонија, држава, планини, градови, реки, села, природа, знаме, химна, љубов, почит, народ и др.)<br>*Разговор за празникот 8 Септември - Ден на независноста на РС Македонија( зошто и како се празнува и одбележува низ целата држава).<br>*Видео за наставникот*<br>https://www.youtube.com/watch?v=xeriBVDDkcI<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците следат насоки за внимателно слушање на содржината на песна„ Татковината се брани со убавини“. При читањето треба да запомнат зборови кои им се непознати или за кои сакаат да добијат објаснување за нивното значење. *Можни зборови кои учениците ќе побараат објаснување* (Татковина, смреки, слобода, булки, чесност). Наставникот ја чита првата строфа. Учениците запишуваат во тетратката непознат збор/збор за кој сакаат објаснување. На ист начин се следат и останатите строфи. Учениците самостојно размислуваат за зборовите кои ги запишале и го објаснуваат нивното значење според тоа што го сфатиле од контекстот.<br>*Учениците презентираат за значењето на зборовите- | презентација<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>звучници<br><br>бела табла<br><br>работен лист<br><br>прибор за пишување<br><br>боички | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Идентификува непознати зборови во слушнат текст и ги објаснува со свои зборови<br><br>Домашни задачи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | богатство, нежност, книга, убавина, слобода, живот.<br>• Како го сфаќате насловот на песната?<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците штафетно ја читаат песната. Со свои зборови ја опишуваат поетската слика која сакаат да ја меморираат за следниот час.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

## Татковината се брани со убавини

| | | | |
|---|---|---|---|
| Татковината се брани со реките,<br>со рибите во нивните води,<br>со изворите, со шумите, со смреките,<br>со песната во слобода што води. | Татковината се брани со нежноста,<br>со пелата застаната на цветот,<br>со булките насмеани, со сонцегледот,<br>со птиците извишени во летот. | Татковината се брани со книга,<br>со песни за пролетното небо,<br>со сестрината солза, мајината грижа,<br>со брашното замесено со лебот. | Татковината се брани со убавината,<br>со чесноста, со познавањето,<br>татковината се брани со животот,<br>со работата и создавањето. |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Усно и писмено изразување и творење | Твори во стих со или без рима на различни теми | 5 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Со учениците се разговара за содржината на песната „ Татовината се брани со убавина“. Секој ученик во група ја рецитира строфата која му беше зададена за домашна работа. (група од 4 ученици)<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Наставникот на табла запишува два збора ТАТКОВИНА и МАКЕДОНИЈА. Учениците се делат во групи од по 4-5 ученика. Следат насоки да напишат песна во акростих (2 групи за Татковина и две за Македонија). Можат да употребат зборови од песната, може и не мора да има зборови кои гласовно се совпаѓаат (рима).<br><br>Мојата земја<br>Ако ја посетиш<br>Како сонце ќе те огрее<br>Е...<br>Д<br>О<br>Н<br>И<br>Ј<br>А<br><br>Таа е прекрасна<br>А малечка земја<br>Топлина дарува<br>Кон секој во неа<br>О....<br>Во<br>И<br>Н<br>А<br><br>*Учениците се договараат во група, предлагаат стихови кои започнуваат со соодветната буква. Составената песна за запишуваат на лист од блок и ја презентираат пред соучениците.<br>*Песните се истакнуваат во литературниот центар(катче уредено по повод 8 Септември- Ден на независноста на | табла/бела табла<br><br>маркери<br><br>креди во боја<br><br>лист од блок<br><br>фломастери | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Твори песна во стих со или без користење на римувани зборови<br><br>Активно учество во групни активности<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | РС Македонија.<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Наставникот запишува на таблата : „Татковината за мене е...“. Учениците индивидуално искажуваат реченица со која сакаат да ги споделат своите чувства кон татковината.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И РАЗБИРАЊЕ | |

| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Слушање со разбирање | Идентификува нелогичности во слушнат текст | 6 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Наставникот повикува неколку ученици да напишат зборови на табла по диктат. Првиот ученик запишува збор - **планината**, вториот - **високо**, третиот- **се** , четвртиот- **искачи**, петтиот – **на** и шестиот -**Марија.**<br>• **Планината високо се искачи на Марија.**<br>*Учениците ја читаат добиената реченица и откриваат дека има нелогичност во неа и објаснуваат што е тоа што ја прави содржината на реченицата несоодветна. Заедно се договараат како правилно да се подредат зборовите за реченицата да добие смисла.<br>**Марија се искачи високо на планината.**<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците добиваат работен лист со текст кој содржи логички и нелогички реченици. Истиот текст наставникот го истакнува на презентација. Гласно се чита текстот и се насочуваат учениците по даден пример да го одредат редоследот на зборовите во реченицата за истата да добие логична содржина.(работен лист во прилог)<br>3 5 2 4 1<br>Е убаво училиште многу нашето. Има два спрата. | презентација<br>компјутер<br>видеобим<br>бела табла<br>работен лист<br>прибор за пишување<br>боички | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Одговори во работен лист;<br>Идентификува нелогичности во слушнат и пишан текст<br>Домашни задачи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Учениците самостојно работат на текстот. По определување на редоследот на зборовите го препишуваат текстот во работниот лист.<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*На презентација заедно со учениците се прави исправка и се открива како треба да изгледа текстот со логички подредени реченици. Учениците изведуваат заклучок за важноста од логичко толкување на содржината.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И РАЗБИРАЊЕ | |

| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Слушање со разбирање | Ги идентификува ликовите во слушнатиот текст и определува колку се, кој (и кога) зборува и како зборува (тивко, умерено или гласно) | 7 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Учениците слушаат песна за здрава храна од позната емисија за деца **Пр.** Здрава храна за детство без мана – 5+ Фамилија https://rb.gy/yenwz<br><br>*Одговараат на прашања поврзани со емисијата.<br>• Каква храна сакаш да јадеш?<br>• Како се вика детската емисија?<br>• Кои ликови ги знаеш од емисијата?<br>Се искажуваат дали тие зборуваат гласно, тивко или умерено во емисијата, но и во песната која ја слушаа.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците во парови добиваат работен лист со содржината на песната(*во прилог со сценариото*) . Одговараат на прашања поврзани со содржината:<br>• Во кој дел од песната ликот кој зборува/пее беше најгласен ?<br>• Пронајдете го и прочитајте го тој дел.<br>• Зошто ја нагласуваше таа содржина од песната?<br>• Дали е важно да се јаде таков вид на храна?<br>• Зошто песната има наслов „ Здрава храна за | компјутер<br><br>звучници<br><br>видеобим/ ТВ<br><br>работен лист<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Идентификува ликови во слушнатиот текст<br><br>Одговори во работен лист;<br><br>Домашни задачи |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | детство без мана“?<br>• Кој дел од текстот треба да се прочита гласно. Зошто мислиш така?<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Учениците дискутираат и изнесуваат сопствени заклучоци за тоа како е најдобро да зборуваме за да бидеме ислушани и правилно сфатени.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат ,но наставни-кот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Читање со разбирање | Чита текст со соодветна интонација | 8 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>* Наставникот запишува една реченица на таблата.<br>• Дамјан пее.(расказна)<br>Се искажуваат дека реченицата е расказна.<br>Истата реченица ја запишува и како прашална и извична<br>• Дамјан пее?(прашална)<br>• Дамјан пее!(извична)<br>*Како ќе дознаеме каков вид на реченица е, ако ја слушаме, а не ги гледаме интерпункциските знаци?<br>*Објаснување за учениците* - Речениците иако се составени од исти зборови, заради интонацијата, се разликуваат по своето значење.<br>✓ Во расказната реченица интонацијата оди надолу.<br>✓ Во прашалната реченица интонацијата оди нагоре и значењето се разликува зашто се прашуваме – дали пее Дамјан или некој друг.<br>✓ Во извичната реченица интонацијата е засилена и рамномерна, а понагласен е првиот збор и значењето е дека Дамјан пее и никој друг.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Претходна подготовка на учениците - Учениците самостојно прават избор на краток текст( расказ, басна, песна) и се подготвуваат да го читаат изразно (со соодветна интонација почитувајќи ги интерпункциските знаци). За да прочитаат поголем дел од учениците/сите | табла<br><br>книги со раскази, песни, басни<br><br>учебник | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Чита текст со соодветна интонација<br><br>Учество во изведување на заклучоци<br><br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ученици треба текстот да е составен од неколку реченици Учениците го читаат текстот пред соучениците, седнати на клупа играјќи ТВ – спикер/презентер.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Учениците искажуваат по една реченица со правилна интонација, а другите треба да погодат каква реченица е искажана. Пр.<br>✓ Ведран се врати дома од тренинг.<br>✓ Леле, колку сум изморен!<br>✓ Мамо, дали има топла вода за туширање?<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | |

| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Читање со разбирање | Пронаоѓа барани информации во научно-популарни и новинарски текстови | 9 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Наставникот покажува тегла со мед и поведува разговор со учениците дали знаат кој и како го прави медот. Учениците се искажуваат за пчелите и што знаат за нив како произведувачи на мед. Нивните знаења се надополнуваат и преку кратко едукативно видео за начинот на произведување на мед - https://rb.gy/6tzpp<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците читаат научно-популарен текст од работен лист. Предлог текст „Пчели“ (*Вежбанка по македонски јазик за трето одделение од АРС Ламина*).<br>*На таблата или на презентација наставникот го прикажува текстот и по читањето се анализира содржината низ прашања:<br>• Што е улиште?<br>• Колку матици може да има во едно улиште?<br>• Дали сите пчели вршат иста работа?<br>• Како изгледаат ќелиите во улиштето?<br>• Како ја разбрате поговорката„Вредни како пчели“?<br>• Што прават машките пчели -трутови? Зошто се бркаат од кошницата пред да дојде зимата?<br>*Дискутираат и резимираат заеднички со изделување на клучни информации. | табла<br><br>презенатција<br><br>видеобим<br><br>компјутер<br><br>учебник<br><br>вежбанка<br><br>работен лист | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Пронаоѓа информации во научно-популарни и новинарски текстови.<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Учениците цртаат **грозд** за пчела и запишуваат клучни информации кои ги научија за пчелите од научнопопуларниот текст.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | | | | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Изговор | Самостојно дели разносложни зборови на слогови | 10 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Учениците се поставени во круг. Секој ученик треба да каже еден збор, а другите ученици со плескање со дланките да го изговорат делејќи го на слогови.<br>Пр. вра-та, топ-ка, ре-жа-ло, лу-бе-ни-ца....<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците добиваат краток текст/песна поделен на слогови. Предлог песна „ Децата растат“ од Васил Мукаетов(*Вежбанка по македонски јазик за трето одделение- АРС Ламина*).<br>*Песната и работниот лист наставникот го истакнува и на видеобим за учениците да се запознаат со активностите и самостојно да работат.<br>*Ја читаат песната, а потоа ја препишуваат со поделба на зборовите на слогови. Во табела во соодветни колони внесуваат зборови, ги читаат и се искажуваат од колку слогови се составени ( два слога, три слога....)<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Учениците во работен лист пополнуваат крстозбор со поими кои се формираат со комбинирање на слогови.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување) | табла/бела<br><br>креда/маркер<br><br>работен лист<br><br>прибор за пишување | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Дели разносложни зборови на слогови<br><br>Препознава збоорови составени од два, три и повеќе слога<br><br>Домашни задачи |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставна тема – МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА | |

| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Влијание на медиумите<br><br>(проблематични и поучни информации, манипулативни содржини | Прави разлика помеѓу проблематични и поучни информации во медиумските содржини. | 11 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Претходна подготовка на наставникот - Прави избор на повеќе медиумски содржини (извадоци од цртани филмови, стрипови, видео игри и сл.) кои прикажуваат проблематични ситуации (насилство, навреди, лаги, стереотипи, дискриминација, навредување, малтретирање итн.) и/или се поучни (поттикнуваат другарство, разбирање, помагање, или овозможуваат да се научи нешто корисно).<br>*Учениците во мали групи добиваат слика со познати содржини за учениците( од анимирани филмови, детски емисии, видео игри и сл). Учениците дискутираат во групата и потоа по дадени прашања се искажуваат какви информација открија од неа.<br>• Што има на сликата?<br>• Дали ги препознавате ликовите?<br>• Каде ги имате сретнато?<br>• Како се однесуваат ликовите на сликата?<br>• Искажете го вашето мислење -што ви се допаѓа, а што не ви се допаѓа на оваа слика?<br>*Секоја група се искажува за сликата и ги истакнуваат на на таблата.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците работат во мали групи. Добиваат серија на | слики од списанија<br><br>печатени слики од интернет<br><br>табла<br><br>блок број 5<br><br>маркери<br><br>селотејп<br><br>работен лист<br><br>ножици<br><br>лепило | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Прави разлика помеѓу проблематични и поучни информации во медиумските содржини<br><br>Поврзува проблематични и поучни информации во медиумските содржини со реални ситуации<br><br>Активно учество |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | слики исечени од списанија или превземени од интернет и имаат задача да ги лепат на блок број 5 (на една половина лепат слики кои покажуваат проблематични, а на друга поучни ситуации).<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Секој ученик има црвена и зелена картичка. На презентација се прикажуваат различни слики, а учениците треба да дигнат зелено или црвено картонче (зелено ако е поучна, а црвено ако е проблематична) и да образложат зошто мислат така.<br>*Се извадуваат заклучоци кога одредени информации се сметаат за проблематични, а кога за поучни и кои би биле последиците доколку истите ситуации се случуваат во реалноста.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | молив | во групни активности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Анализа на литературни текстови<br><br>-тема<br>-порака/идеја<br>- настан<br>- лик<br>-време<br>- место | Го одредува главниот настан во текстот | 12 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Учениците од кутија извлекуваат картички со буква од азбуката. Треба да кажат збор кој ја содржи буквата на различни позиции. **Пр.**<br>Буква Б – балон (почеток), жаба(средина), заб(крај) .<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците слушаат изразно читање на текст„Азбучно дрво“ од Горјан Петревски. Одговараат на поставени прашања.<br>• Што изучиле учениците?<br>• Во одделението имало ученици колку што има букви во азбуката. Колку ученици имало во одделението?<br>• Што требало да носат учениците на часот по ликовно образование?<br>• Што нацртала наставничката на хамерот?<br>• Каква задача добија учениците?<br>• Какво дрво изработија учениците?<br>*Гласно го читаат текстот по делови. Се насочуваат да одредат кој е главен настан и главен лик во текстот. Дискутираат и ги образложуваат своите одговори – зошто тој настан и тој лик ги сметаат за главни.<br>**Објаснување од наставник* - Раскозот е текст во кој се раскажува за еден настан или еден момент од животот на главниот лик. Понекогаш може да се спомнат и други | кутија<br><br>картички со букви од азбуката<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>работен лист со текст<br><br>учебник<br><br>прибор за пишување<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Одредува главен настан и главен лик во текст<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | настани и ликови кои се тесно поврзани со главниот настан и лик.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Учениците во тетратката запишуваат краток план за текстот и со боичка го потцртуваат главниот настан.<br>1. Учениците ја научија цела азбука<br>2. Изработка на азбучно дрво од учениците.<br>3. Азбучното дрво го краси ѕидот во училницата.<br>*Предлог за анализа на текстот во домашни услови Едуино час- Обработка на текст,, Азбучно дрво“<br>https://www.youtube.com/watch?v=Bxod7Va3O78<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | | | | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Слушање со разбирање | Одговара на прашања од различен тип (да/не-прашања, кој/што-прашања, каде/кога прашања, зошто прашања) во врска со слушната содржина | 13 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Штафетно кажување на азбуката. Започнува еден ученик-а, б, в, г, д... Наставникот кажува „Стоп!“ и именува друг ученик да продолжи со кажување на азбуката- ѓ, е, ж, з, ѕ...„Стоп“....<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Се чита текстот „Азбучно дрво“ по делови и се анализара главниот настан – повторување од минатиот час.<br>*Учениците добиваат работен лист или на таблата се презентираат прашања поврани со текстот„ Азбучно дрво“. Учениците следат насоки за внимателно читање на прашањата и одговор со целосна реченица.<br>*Самостојно одговараат на прашања од различен тип(да/не, кој/што, каде/кога , зошто ) во врска со прочитаната содржина.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Учениците ги читаат одговорите на прашањата и прават споредување на одговорите. Каде имаат исти, слични или различни одговори.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување) | презентација со текстот и прашањата<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>бела табла<br><br>работен лист<br><br>прибор за пишување<br><br>боички | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Одговори во работен лист;<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашни задачи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr>
<td>Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо</td>
<td>Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви</td>
<td>14</td>
<td>
Воведни активности – активирање на предзнаења<br>
Преку игровна активност учениците ги откриваат буквите од кирилицата и се искажуваат за нивниот редослед .<br>
Предлог активност од Вежбанка по македонски јазик за трето одделение-АРС Ламина.
<ul><li>Замени ја сликата со соодветната буква. Откриј кој поим се крие во празните полиња..</li></ul>

<br>
Главен дел – искуствено учење<br>
*Учениците преку постер со печатни кирилични и латинични букви прават споредба на буквите од двете писма.<br>
*Во работен лист каде е дадена азбука напишана со печани латинични букви учениците треба да ги пронајдат и обојат буквите кои исто се пишуваат на двете писма.
<table>
<tr><td>Aa</td><td>Bb</td><td>Vv</td><td>Gg</td><td>Gg</td><td>Ǵ ǵ</td><td>Ee</td></tr>
<tr><td>Ž ž</td><td>Zz</td><td>Dz dz</td><td>I i</td><td>J j</td><td>K k</td><td>L l</td></tr>
<tr><td>Lj lj</td><td>M m</td><td>N n</td><td>Nj nj</td><td>O o</td><td>P p</td><td>R r</td></tr>
<tr><td>S s</td><td>T t</td><td>Ḱ ḱ</td><td>U u</td><td>F f</td><td>Hh</td><td>Cc</td></tr>
<tr><td>Č č</td><td>Dž dž</td><td>Š š</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>
</td>
<td>постер со печатни букви од кирилица<br><br>постер со печатни букви од латиницата<br><br>празни картички<br><br>фломастери<br><br>табла /бела<br><br>работни листови<br><br>учебник/вежбанка<br><br>тетратка<br><br>плик</td>
<td>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас.<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви.<br><br>Правилно пишува мали и големи печатни букви од латиничното писмо.</td>
</tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Учениците вежбаат правилно и убаво пишување на буквите:А, Ее, Јј, Оо .<br>*Воочуваат кои големи букви се пишуваат исто, а се разликуваат само малите букви<br>К к - K k, Ќќ - Ḱ ḱ , Тт - T t Мм - M m<br>*Следат демонстрација на пишување на латинските печатни букви K k и Ḱ ḱ<br>*Вежбаат пишување на буквите и зборови кои ги содржат изучените букви.<br>oko, koj, kakao, ako, ḱe , jak, kaj, kajak, Kaja, koe<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Учениците на претходно подготвени и исечени картончиња ги запишуваат со фломастер големите и малите латински букви (Aa, Ee, Jj, Oo, K k , Ḱ ḱ ) и ги ставаат во плик . Истите ќе ги користат за активности на часови кои следуваат.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Домашна работа |

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr><td>Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо</td><td>Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви</td><td>15</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>*Учениците читаат зборови од домашната работа и се искажуваат кои печатни латински букви знаат да ги читаат и пишуваат.<br>• Aa, Ee, Jj, Oo, K k , Ḱ ḱ и големите T и M.<br>Главен дел – искуствено учење<br>*Учениците ги споредуваат печатните букви Тт и Мм од кирилицата со Tt, Mm од латиницата.<br>*Следат демонстрација на пишување на латинските печатни букви T t и Mm.<br>*Вежбаат пишување во тетратка на големите и мали букви и нивно поврзување во зборови.<br>Meto, Tome, Kate, taka, kat, Teo, mete, moe, toa, taa…<br>*Учениците на исечени картончиња ги запишуваат со фломастер големите и малите латински букви (T t и Mm) и ги ставаат во плик заедно со другите изучени букви.<br>*Наставникот на учениците им дели по едно празно правоаголно картонче и дава насоки да се напишат зборови кои ги имаат досега запишано во тетратката и да ги стават во „ZBOROVNA KUTIJA“ во литературното катче. Зборовите се запишуваат на табла и секој ученик пишува по еден збор со цел да не се повторуваат.<br>Завршни активности – изведување заклучок<br>*Учениците во парови вежбаат пишување на зборови со печатни латински букви на детските лаптопчиња-</td><td>постер со печатни букви од кирилица<br><br>постер со печатни букви од латиницата<br><br>празни картички за пишување на букви<br><br>фломастри<br>плик<br><br>табла /бела<br><br>детски лаптопи<br><br>образовен софтвер Toolkid<br><br>работни листови<br><br>правоаголни празни картички</td><td>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас.<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви.<br><br>Правилно пишува мали и големи печатни букви од латиничното писмо.<br><br>Активно учество во работа во пар</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Writer/Toolkid (пронаоѓање на буквите на тастатаура)<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | кутија | Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | | | | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Говорење со разбирање | Усно искажува свое мислење за зададена проблемска ситуација од секојдневниот живот | 16 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Учениците следат презентација на која е претставена слика каде можат да воочат одредена проблемска ситуација која се случува и во нашето секојдневие.<br>• Дете со топка истрчува пред автомобил.<br>• Караница помеѓу соседи пред зграда.<br>• Сообраќаен прекршок, преминување со автомобил на црвено светло и сл.<br>*Учениците се искажуваат што гледаат на сликата, која била причината да се случи тоа и нивно мислење како ќе се реши предизвиканиот проблем.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците се поделени во 3 групи. Добиваат работен лист со насоки да работат на одредена проблемска ситуација. (*Работен лист во прилог на сценариото*)<br>1. Твојата топка паднала во соседниот двор. Соседот не дозволува влегување без прашање, а играта е во тек... Што ќе направиш?<br>2. Во автобус влегува дедо со бастун. Ти седиш на седиште и држиш во рацете изработена макета за сообраќај. Како ќе постапиш?<br>3. Заборави да ја прочиташ лектирата„ Шеќерна приказна“. Наставничката ќе даде работен лист на часот за оценка. Што ќе направиш? и сл.<br>*Учениците во група дискутираат за ситуцијата и | презентација<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>работен лист<br><br>прибор за пишување<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Одговори во работен лист;<br><br>Усно искажува своe мислење за зададена проблемска ситуација од секојдневниот живот<br><br>Активно учество во работа во група<br><br>Домашни задачи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | заземаат заеднички став за поставеното прашање.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Секоја група го чита проблемот и се искажува како размислиле дека истиот ќе се реши. Останатите групи можат да предложат и други начини на решавање на проблемот.<br>*Изведување заклучок- За секоја проблемска ситуација мора да се најде решение кое ќе биде позитивно за сите и ќе води кон намалување на штетните последици.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | |

| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Видови литературни текстови<br><br>-расказ<br>- бајка<br>- басна<br>-драмски текст<br>-песна | Ја објаснува (преку пример) разликата меѓу расказ, бајка и басна. | 17 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Учениците гледаат слика од куче и од волк. Прават споредба и се искажуваат за нивните сличности и разлики.<br>*Во Т табела внесуваат карактеристики на двете животни<br>куче \| волк<br>домашно животно \| диво животно<br>двор/куќа/улица \| шума<br>месојадно \| месојадно<br>лае \| завива<br>... \| ...<br>• Дали се плашите од куче/волк? Зошто?<br>• Имате ли читано текстови каде главни ликови се овие животни?<br>*Учениците се искажуваат за басните од претходни одделенија-Кучето и коската, Волк и јагне и сл.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците слушаат изразно читање на басна „Волци и кучиња“ Одговараат на прашања поврзани со содржината и ликовите.<br>• Кои се главни ликови во текстот?<br>• Што им зборувале волците на кучињата?<br>• Како се однесувале луѓето кон кучињата?<br>• Што им понудиле волците на кучињата? | табла/бела<br><br>маркер/креда<br><br>тетратка<br><br>работен лист<br><br>книга со басни<br><br>видеобим<br><br>компјутер<br><br>звучници | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Препознава басна според содржината, ликовите и пораката<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Како постапиле кучињата?<br>• Како завршува басната?<br>*Наставникот ги потсетува учениците на поимот БАСНА и преку насочен разговор заклучуваат дека басната е кратка творба во која главни ликови се животни и нивните постапки се имитација на човечките недостатоци<br>• Како се претставени кучињата во басната?<br>• Кои луѓе имаат вакви особини во реалниот живот?<br>• Кои особини ги забележувате кај волците?<br>• Дали сакате да имате пријатели кои се однесуваат како волците?<br>*Учениците добиваат работен лист со басната(во прилог со сценариото), ја читаат во себе и одговораат на поставените прашања.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Учениците се искажуваат за одговорите во работниот лист и изведуваат заклучок за поуката која ја извлекоа од басната- Како се однесуваш - таква награда добиваш.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, а наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | |

| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви | 18 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Учениците од плик ги вадат картичките со изучените латински букви. Наставникот изговара глас, а учениците ја кревата картичката со соодветната буква.<br>**Пр.** Подигнете картичка на која се наоѓа печатната латинската буква Mm.<br>*Учениците ги подредуваат картичките со латинските букви по редослед како што ги кажува наставникот.<br>• Aa, Ee, Jj, Oo, K k , Ḱ ḱ , Tt, Mm (изучени 8 букви )<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Наставникот на картичка покажува збор на латиница. Недостига една буква. **t o __ k a**. На задната страна од картичката има слика со топка. Учениците погодуваат која буква недостига и искажуваат збор. (*Очекувани одговори се* topka, točka). Точниот одговор наставникот го открива со вртење на картичката и покажување на сликата.<br>*Учениците прават споредба на печатната буква Пп од кирилицата со латиничната буква Pp.<br>*Следат демонстрација на пишување на латинската буква Pp.<br>*Вежбаат пишување во тетратка на зборови и реченици со новата буква.<br>**Pepo, topka, petka, pop, pee, top, potop, potoa, tapa, patka…** | постер со печатни букви од кирилица<br><br>постер со печатни букви од латиницата<br><br>празни картички за пишување на букви и зборови<br><br>фломастри<br>плик<br><br>табла /бела<br><br>работни листови<br><br>тетратка<br><br>кутија | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас.<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви.<br><br>Правилно пишува мали и големи печатни букви од латиничното писмо.<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Ema pee. Pepo kopa. Tome e pop.**<br>*Се запишуваат новите зборови на картончиња и се ставаат во „ZBOROVNA KUTIJA“ во литературното катче.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Учениците во работен лист вежбаат пишување на зборови и реченици со буквите Mm, Tt, Pp(*предлог активности од Вежбанка по македонски јазик за трето одделение -Арс Ламина*)<br><br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | | | | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Читање со разбирање | Составува прашања во врска со содржината од прочитан текст<br><br>Одговара (усно и писмено) на прашања во врска со содржината на прочитан текст | 19 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците опишуваат слика . Се искажуваат за годишното време кое е претставено на сликата.<br><br>• Како знаете дека е есен?<br>• Кои се карактеристиките на есента?<br>• Што прават децата на сликата?<br>• Како се облечени?...<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците слушаат изразно читање на текст „Есенска прошетка“. Се искажуваат за содржината низ прашања:<br>• Каде решиле другарите да одат на прошека?<br>• Зошто понеле чадор со себе?<br>• Каде се чекале ?<br>• Биле облечени во потопла облека. Зошто?<br>• Како ја нарекле нивната заедничка прошетка?<br>*Учениците добиваат работен лист со текстот„ Есенска прошетка“(во прилог со сценариото). По читањето имаат задача да напишат неколку прашања за содржината која ја прочитале со примена на прашалните зборчиња:<br>**Кој? Што? Каде? Кога? Како? Зошто?**<br>*Учениците ги читаат прашањата, а наставникот ги | есенска слика<br><br>работен лист<br><br>табла<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>тетратка | Одговор на прашања поставени од наставник<br><br>Писмено составува прашања за содржината на текстот<br><br>Дава усни одговори со целосна реченица на поставени прашања од содржината на текстот<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | запишува на табла или директно на компјутер. Учениците истовремено следат на видеобим/смарт табла.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Усно одговараат на поставените прашања и се открива колку учениците ја разбрале содржината.(Писмените одговори во работниот лист може да се довршат за домашна работа).<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | | | | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Усно прераскажување раскажување и опишување со правилна употреба на :<br><br>сегашно време,<br><br>минато определено време,<br><br>минато неопределено време (без дефинирање на глаголските времиња) | Прераскажува со правилна употреба на реченици во минато неопределено време | 20 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Учениците го читаат текстот од работниот лист„Есенска приказна“.<br>*Анализа на домашната работа - Се читаат прашањата Кој..? Што..? Каде..? Кога..? Како..? Зошто..? и писмените одговори на учениците.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците следат насоки како усно да ја прераскажат содржината на текстот по посочен модел:<br>*Еден пријатен есенски ден група деца одлучиле да одат на прошетка до блискиот парк. Бидејќи на небото имало сивкасти облаци, понеле и чадор со себе...*<br>*Учениците со помош усно го прераскажуваат текстот со следење на насоки за правилна употреба на реченици во минато неопределено време (беше- било, одевме-оделе..)<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Учениците во тетратка запишуваат 2-3 реченици каде ќе употребат писмено прераскажување со правилна употреба на реченици во минато неопределено време.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување) | тетратка<br><br>работен лист со текст<br><br>„Есенска приказна“ | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Усно прераскажува со употреба на реченици во минато неопределно време<br><br>Домашни задачи |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |